# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

# НА ОПШТИНА НЕГОТИНО

## Службен гласник бр.12/2012
## 04.10.2012 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11 и 6/11), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за приоритет на проектите"„Патен правец с.Тимјаник-с.Долни Дисан""и„Партерно уредување с.Долни Дисан„**

Се објавува Одлуката за приоритет на проектите"„Патен правец с.Тимјаник-с.Долни Дисан""и„Партерно уредување с.Долни Дисан„ што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 28.09.2012 година.

Бр.08_580/1
04.10.2012

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Пане Трајков**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (,, Сл.весник на РМ,, бр.5/02) и член 79 став 1 точка 26 од Статутот на општина Неготино (,,Сл.гласник на општина Неготино,, бр.3/06, 2/11 и 6/11), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 28.09.2012 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

### за приоритет на проектите",,Патен правец с.Тимјаник-с.Долни Дисан""и,,Партерно уредување с.Долни Дисан,,

Член 1

Во Програмите за уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2012 и 2013 година се утврдува дека проектите ,,Патен правец Тимјаник-Долни Дисан",,и ,,Партерно уредување с.Долни Дисан,, се приоритетни и се дел од овие Програми.

Член 2

Во врска со барањето за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2012 поддржано од АФПЗРР во Мерка 3.2. Подобрување на квалитетот на живот во рурални средини за комбинирани инвестиции се утврдуваат следниве приоритети:

Подмерка 3.2.1.Инвестиции во локална патна инфраструктура( вклучително и мостови)за поврзување на селата до 2 км, се утврдува како приоритет проектот "Патен правец с.Тимјаник-с.Долни Дисан"

Подмерка 3.2.3. Инвестиции за изградба и /или реконструкција на плоштади, зелени површини/и или шеталишта во рурални средини до 30,000 жители ,се утврдува како приоритет проектот
,,Партерно уредување с.Долни Дисан,,

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во ,, Сл.гласник на општина Неготино,,

Бр.07_574/3
28.09.2012 година

Совет на општина Неготино
Претседател
Сашо Николов

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11 и 6/11), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Согласноста од општина Неготино за обезбедени средства за проектите "Патен правец с.Тимјаник-с.Долни Дисан" и „Партерно уредување с.Долни Дисан„.**

Се објавува Согласност од општина Неготино за обезбедени средства за проектите "Патен правец с.Тимјаник-с.Долни Дисан" и „Партерно уредување с.Долни Дисан„ што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 28.09.2012 година.

Бр.08_580/2
04.10.2012

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Пане Трајков**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа (,, Сл.весник на РМ,, бр.5/02) и член 79 став 1 точка 34 од Статутот на општина Неготино (,,Сл.гласник на општина Неготино,, бр.3/06, 2/11 и 6/11), Советот на општина Неготино 28.09.2012 година ја усвои следната

**С О Г Л А С Н О С Т**

Општина Неготино е согласна за намената на комбинираните инвестиции за проектите "Патен правец с.Тимјаник-с.Долни Дисан" и ,,Партерно уредување с.Долни Дисан,, и за истата има обезбедено финансиски средства во висина од 16.983.380,оо денари без ДДВ односно 20.040.389,оо денари со ДДВ.

Овие инвестиции се планирани со Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2012 година, а ќе бидат планирани во истата Програма и за 2013 година.

Бр.07_574/4
28.09.2012 година

**Совет на општина Неготино**

**Претседател**

**Сашо Николов**

# С О Д Р Ж И Н А

## на Службен гласник бр. 12/2012

1. Заклучок за објавување на Одлуката за приоритет на проектите",,Патен правец с.Тимјаник-с.Долни Дисан" "и,,Партерно уредување с.Долни Дисан,, Стр.1

2. Одлука за приоритет на проектите",,Патен правец с.Тимјаник-с.Долни Дисан" "и,,Партерно уредување с.Долни Дисан,, Стр.2

3. Заклучок за објавување на Согласност од општина Неготино за обезбедени средства за проектите "Патен правец с.Тимјаник-с.Долни Дисан" и ,,Партерно уредување с.Долни Дисан,, Стр.3

4. Согласност од општина Неготино за обезбедени средства за проектите "Патен правец с.Тимјаник-с.Долни Дисан" и ,,Партерно уредување с.Долни Дисан,, Стр.4